Влада на Република Северна Македонија

Комуникациска стратегија

**2023 / 2024 година**

# Северна Македонија е општество во кое комуникациите на институциите се целосно посветени на јавниот интерес и во кое постои високо ниво на доверба меѓу граѓаните и институциите.



# Точно, јасно и навремено информирање на сите граѓани преку различни канали на комуникација за услугите и политиките на Владата и воспоставување механизми за двонасочна комуникација меѓу граѓаните и институциите.







# СОДРЖИНА



**ВОВЕД**

**КОМУНИКАЦИСКИ ПЛАН**

ТЕМА 1.
ЕВРО-АТЛАНТСКА ИДНИНА НА ДРЖАВАТА

ТЕМА 2.
ЕКОНОМСКИ РАСТ, ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД И ЗАШТИТА НА РАНЛИВИТЕ

ТЕМА 3.
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ЗЕЛЕН ЕНЕРГЕТСКИ ХАБ

ТЕМА 4.
ВЛОГ ВО КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ И ИНФРАСТРУКТУРА - ВЛОГ ВО ИДНИНАТА

**ВЛАДИНИОТ СИСТЕМ ЗА КОМУНИКАЦИИ –** КОИ СЕ НАШИТЕ ЦЕЛИ, ФУНКЦИИ И КАКО СМЕ ОРГАНИЗИРАНИ?

**МАТРИЦА** ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ВЛАДИНИТЕ КОМУНИКАЦИИ

**ПЛАНИРАЊЕ** НА КОМУНИКАЦИИТЕ ПРЕКУ OASIS МОДЕЛОТ

**ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА** НА ВЛАДИНИТЕ КОМУНИКАЦИИ

**ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС** И ВЛАДИНИТЕ КОМУНИКАЦИИ

**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ** НА ВЛАДИНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

# ВОВЕД





**Владата на Република Северна Македонија во 2017 година започна со трансформација на владините комуникации во служба на јавниот интерес и граѓаните, која ги следи прогресивните политики за отворена и транспарентна Влада. Со помош на стратешките партнери и поддршката на граѓаните, Владата градеше комуникациски сервис кој ја зацврстува довербата на граѓаните во институциите преку објективно и навремено комуницирање со медиумите и граѓаните.**

Развојот на Владиниот комуникациски систем продолжува во негување на демократскиот амбиент и континуирано подобрување на состојбите со слободата на изразување како и медиумските слободи. Создавањето на атмосфера во која професионалните и независни медиуми ќе можат да го изразат ставот на граѓаните е приоритет на секоја демократска Влада, која пак ги создава политиките за подобрување на животот на граѓаните. Комуникациската стратегија е мост со кој се поврзуваат сите овие елементи заедно.

Комуникациската стратегија 2023-2024 ги доближува различните политики на Владата до граѓаните. Почнувајќи од стратешките определби со членството во НАТО и отпочнатите преговори со Европската Унија, како и добрососедските односи кои се зацврснуваат преку повеќе регионални иницијативи како Берлински процес и Отворен Балкан, како и стратешкото партнерство и дијалог со Соединетите Американски Држави, но и претседавањето со ОБСЕ, ја претставуваат суштината на меѓународната политика на Владата. На домашен план тоа се силните економски политики кои се владиниот одговор на глобалната енергетска и економска криза и нивното насочување кон ранливите категории на граѓани, изразувајќи ја солидарноста и грижата која секоја демократска Влада мора да покаже во услови на криза.

Со своите проактивни владини комуникации, покрај отворањето на работата на министерствата и Владата со засилена транспарентност и отчетност, продолжува да ги развива комуникациите и политиките со кои се бори против дезинформациите. Преку постојан развој на професионалните капацитети на владините службеници за односи со јавност и нивниот влог во создавањето систем за владини комуникации создаваме организиран систем и кој пред сè е демократски и сервисен.

# КОМУНИКАЦИСКИ ПЛАН

## *Комуникацискиот план се базира на владините политики:*

### ТЕМА 1.

Евро-атлантска иднина на државата

### ТЕМА 2.

Економски раст, подобар животен стандард и заштита на ранливите

### ТЕМА 3.

Северна Македонија како зелен енергетски хаб

### ТЕМА 4.

Влог во капиталните инвестиции и инфраструктура - влог во иднината

# *Евро-атлантска иднина на државата*

**КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

1.1.

Ние сме НАТО - заедно посилни, обезбедуваме сигурност, безбедност и стабилност.

1.2.

Чекориме цврсто на европскиот пат, со заштитен македонски јазик и идентитет

1.3.

ОБСЕ - за луѓето се работи!

1.4.

Регионални иницијативи - интегриран Западен Балкан без граници



# 1.1.

Ние сме НАТО - заедно посилни, обезбедуваме сигурност, безбедност и стабилност.





## Северна Македонија е полноправна членка на НАТО - најмоќната Алијанса на светот.

Обединета, со 30 други земји членки од најразвиените демократии во светот, се обезбедува мирот и безбедност на околу 1 милијарда граѓани со исти вредности.

Во услови на неоправдана воена агресија врз Украина, кога војната не се одвива само на фронтовите на европско тло, туку се води и информациска војна, клучно е Владата активно да работи на точни, навремени и проверени информации со кои ќе ги информира граѓаните и јавноста за безбедносната состојба во регионот и на континентот.

Создавањето на европска и држава според НАТО стандарди, значи обезбедување подобри услови за работа на Армијата.

Развојот во одбраната ќе придонесе за посовремена безбедност во однос на заканите кои ни ги носат геостратешките предизвици, а за кои имаме обврска да ги заштитиме нашите граѓани. Третина повисок буџет во одбраната значи влог во мирот и стабилноста на луѓето, а тоа е непроценливо.

# 1.2.

## Чекориме цврсто на европскиот пат, со заштитен македонски јазик и идентитет





## Имаме и јасно поставена цел, членство во големото европско семејство до 2030 година. Тоа е амбициозна, но остварлива цел.

По 17 години чекање ги започнавме преговорите со ЕУ со што започна и скрининг процесот, а кон целиот процес пристапивме со заштитен и признат македонски јазик и идентитет. Го потпишавме првиот документ со ЕУ на македонски јазик, договорот за ФРОНТЕКС, а сведоци сме како забрзано се преведува европското законодавство на македонски јазик.

Нашиот европски пат треба да продолжи бидејќи ние сме Европа и ЕУ е нашиот единствен пат. Не само заради членството само по себе, туку заради подобар животен стандард, заради подобро владеење на правото, подобра инфраструктура, подобри услуги за граѓаните, заради економски напредок, социјална правда, врвна демократија.

Граѓаните на Северна Македонија заслужуваат подобар, европски квалитет на живот.

# 1.3.

## ОБСЕ - за луѓето се работи!



## Претседателството на Северна Македонија со ОБСЕ во 2023 година е фокусирано на луѓето, кои се силата што нè води напред.

Наша должност е да реагираме денес. За луѓето. Тие ја бараат нашата поддршка. ОБСЕ е и создадена заради оваа конкретна причина и визијата на нашето претседателство во суштина лежи во срцата на мисијата на ОБСЕ.

Владата ќе работи на информирање на граѓаните за фокусот врз обезбедување поддршка за една функционална и флексибилна ОБСЕ, нудејќи разновиден комплет на алатки кои би помогнале за обновување на мирот и безбедноста, спречување на конфликти и промовирање на соработка низ регионот на ОБСЕ, како и промовирање на човековата безбедност преку обезбедување поддршка за одржлив економски раст и еколошка соработка.

# 1.4.

# Регионални иницијативи - интегриран Западен Балкан без граници





## Во време на големи предизвици, се бараат храбри одлуки и заедништво.

Регионалните иницијативи како што се Берлинскиот процес и иницијативата Отворен Балкан се наша заложба за стабилен регион, владеење на мир, за соработка и за економски развој – ова е нашата заложба за подобар живот на нашите народи и за што поскора европеизација на регионот.

ЕУ нема да е целосна и успешна додека граѓаните од Западен Балкан не добијат пасоши со знамето на ЕУ. Иако ниту една од регионалните иницијативи не се замена за членството во ЕУ, сепат, тоа се процеси кои ќе обезбедат побрза интеграција на земјите од регионот.

За нас е важна секоја регионална иницијатива која носи конкретни и опипливи резултати за граѓаните на нашите држави, Берлинскиот процес, Отворениот Балкан, исто како и останатите регионални иницијативи како RCC, CEFTA, CEI, SEECP, се комплементарни една на друга, и секоја од нив за граѓаните и бизнисот е само придобивка плус за граѓаните.

Нашето делување во секоја една од нив е исклучително посветено, затоа што секоја од нив е чекор напред и чекор плус на нашиот европски пат.

# Економски раст, подобар животен стандард и грижа за ранливите

**КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

2.1.

Забрзан економски раст за подобар животен стандард на граѓаните компании

2.2.

Системско решение за минимална плата која континуирано расте

2.3.

Системско решение за достоинствена пензија која континуирано расте

2.4.

Континуирана грижа за ранливите



# 2.1.

# Забрзан економски раст за подобар животен стандард на граѓаните





## Нашата цел забрзување на деловната активност и индиректно, повисоки плати и пензии, намалување на невработеноста, зголемени странски инвестиции.

Гледајќи низ објективни показатели, Северна Македонија  во последните неколку години, со отворената европска политика на оваа Влада, ја одржа економската стабилност и во услови на повеќе кризи одеднаш.

Нашата европска ориентација како Влада носи резултати. Со членството на Северна Македонија во НАТО, овозможивме стабилен безбедносен амбиент во државата со што се отвори можност инвеститорите да ја препознаат нашата земја, како значајна порта за влез на европскиот пазар.

Стапката на невработеност од 2016 кога беше речиси 24%, денес е намалена на 14,4%. За само една година имаме зголемена вработеност од 9,5%.

Во делот на странски директни инвестиции, во 2022, година после пандемија со ковид 19 и во ек на глобална економска и енергетска криза, СДИ изнесуваат речиси 754 милиони евра. Инвестициите во ТИРЗ во 2023 заклучно со она што денес е постигнато, изнесуваат 2 милијарди евра.

Во изминативе неколку години Северна Македонија е носител на позитивни политички и економски текови, обезбедуваме можности за стопанството, бизнис заедницата, вложуваме во функционално, модерно, поврзување на нашата земја со целиот регион, со капитални инвестиции во патната инфраструктура кои ќе придонесат кон забрзан економски раст и подобар животен стандард за граѓаните.




# 2.2.

# Системско решение за минимална плата која континуирано расте

## Со одговорно менаџирање на парите на граѓаните обезбедивме зголемување на минималната плата.

Со одговорно менаџирање на парите на граѓаните обезбедивме зголемување на минималната плата на 18.000 денари која преку системското решение усогласено по пат на дијалог со сите засегнати страни, континуирано ќе расте.

Воедно овозможивме зголемување на просечната плата како и зголемувања на платите во образование, во полиција, во здравството, а со крајна цел зголемување на животниот стандард. Само со одговорен пристап се можни вакви подобрувања во вака краток период.

# 2.3.



# Покачувања за достоинствена пензија



## Пензионерите се оние кои заслужуваат, после толку години изминат труд и даден огромен придонес за нашата држава, да имаат достоинствен пензионерски денови.

За прв пат донесовме и системско решение за раст на пензиите. Согласно новата методологија, со усогласувањето на 1 март и на 1 септември секоја година, пензиите ќе растат соодветно на трошоците за живот и соодветно на растот на просечната плата.

Досега, просечната пензија е зголемена за 40%, следи и ново покачување согласно усогласувањето, а за пензионерите за 2023 година издвоени дополнителни 120 милиони евра повеќе од 2022 или вкупно 1.2 милијарди евра за зголемени пензии.

# 2.4.

# Континуирана грижа за најранливите

## Напорно работиме за да обезбедиме заштита на најранливите граѓани како и заштита на работните места преку пакети антикризни мерки.

Континуирано обезбедуваме 80%-91% субвенционирана струја како и евтина струја за да има непречено функционирање на виталните функции на државата, односно основните и средните училиштата, водоснабдувањето итн. Континуирано ги враќаме парите на граѓаните назад кај нив, кога е најпотребно.

Покажавме како една одговорна влада може одговорно да менаџира со буџетот со што и континуирано обезбедуваме мерки со кои се обезбедува поддршка за најранливите. Нашите напори даваат резултат.

Знаеме дека секогаш може подобро и повеќе и за тоа и се бориме. Сите мерки и системски решенија кои ги носиме се за подобар животен стандард на граѓаните. Оваа посветена работа ќе продолжи и понатаму. Никој нема да биде оставен сам да се справува со кризите.

# Северна Македонија - зелен енерГеШски хаб

## КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### 3.1.

Енергетска трансформација

### 3.2.

Европскиот зелен договор и енергетска стратегија 2040



# 3.1. Енергетска трансформација







## Кризата ја претворивме во можност и во услови на најголемата светска енергетска криза ја трансформираме земјата во зелен енергетски центар.

Активно вложуваме во енергетска трансформација, во обновливи извори кои значат одржливо производство и снабдување со електрична енергија. Ова се инвестиции што значат траен влог за државата и ќе придонесат за енергетска независност, но и за заштита на животната средина.

Оваа Влада како никогаш до сега вложува во енергетиката кои на среден и на долг рок ќе носат само бенефит.

Развиваме државни проекти за изградба на фотонапонски, ветерни и хидроелектрани во државна сопственост со цел зајакнување на позицијата на државното електростопанство.

Наш приоритет е да имаме стабилен електроенергетски систем, тоа е клучот сигурност во снабдувањето со електрична енергија, за нови инвестиции, за енергетска независност.

Нашите резултати и посветена работа ги надминаа очекувањата, така до 2018 година имаше, не повеќе од 20 MW соларна енергија, денеска има околу 250 MW соларна енергија на мрежа, од обновливи извори и тоа претежно од фотоволтаични централи но и ветерни и биогасни капацитети, а до крајот на годината ќе бидат над 300 MW.

Сето ова значи, енергетска независност, зајакнување на домашно производство на електрична енергија и заштита на животна средина.

Со ова Северна Македонија станува регионален центар на зелена енергија.

Во екот на енергетската криза и енормниот раст на цените на струјата овозможивме секое домаќинство или фирма има можност да стави фотоволтаици на покривот за производство на струја.

Изготвен е нов Правилник за обновливи извори на енергија, а со законските измени постапките значително се олеснија и се овозможи граѓаните да произведуваат електрична енергија на и да ја продаваат на откупувачот и дистрибутер на електрична енергија.

На долг рок, Република Северна Македонија е првата држава во регионот на Западен Балкан, која донесе Стратегија за развој на енергетскиот сектор, базирана токму на пиларите на Зелениот Договор на Европската Унија.

Наша цел е зголемување на домашното производство на електрична енергија преку инвестиции во нови енергетски инфраструктурни проекти од страна на државата преку АД ЕСМ, базирани на обновливи извори на енергија, но и преку моделот на јавно приватно партнерство и Законот за стратешки инвестициони проекти е вистинскиот пат кон обезбедување на енергетска независност на Северна Македонија.





# Стратешки инвестиции во енергетиката се:

**Фотонапонската електрана од десет мегавати** во сопственост на ЕСМ на поранешните наоѓалишта на јаглен во РЕК „Осломеј" е првата енергетска транзиција на електрана на јаглен во чиста енергија, во регионот.

**Фотонапонските централи** по пат на Јавно приватно партнерство со ЕСМ во Осломеј, со инсталиран капацитет од 100 мегавати треба да започнат со проектирање и изградба.

Во текот на 2023 година се очекува да започне со градба и уште **една десет мегаватна соларна централа во Осломеј** од страна исто така на ЕСМ.

**Ветерниот парк „Вирови"**, од страна на германската компанија „Ви-Пи-Ди"(WPD), најголемата фотонапонска централа во овој дел од Европа, „СТИПИОН" со капацитет од околу 400 мегавати, од реномираната француска компанија „Акио"(Akuo Energy ) се исто така дел од проектите на коишто работи Владата и кои наскоро треба да се најдат пред пратениците.

Во 2022 година, почна со работа **новата 17 MW соларна централа**, инвестиција која оваа Влада ја обезбеди, од страна на компанијата од Словенија „Ген-И"(Gen).

Грчката компанија „Митилинеос" во Скопје, изрази желба и поднесе документација да гради **гасна централа** од која ќе се произведува електрична енергија вредна 211 милиони евра, а Владата ја одобри инвестиција како стратешка.

Грчката државна компанија „ППС", достави понуда во процедурата за изградба на **нашиот најзначаен енергетски капацитет ХЕЦ Чебрен**. Во ХЕЦ Чебрен ќе се произведува електрична енергија од најмалку 333 мегавати.

Оваа, 2023 година се очекува да започне изградбата на **гасниот интерконектор со Грција** со кој ќе се приклучиме на транс-јадранскиот гасовод и ќе добиваме гас од Азербејџан.

После повеќе од 3 децении, донесена е одлука со која се предвидува реализација на **најважниот енергетски проект во Северна Македонија, хидроцентралата Чебрен**. Проценетата вредност на инвестицијата е околу 1 милијарда евра.

Предвидена е **изградба на реверзибилна хидроцентрала Чебрен, со инсталиран капацитет од најмалку 333 MW**. Чебрен е од исклучително значење за енергетската транзиција на Северна Македонија и регионот, поради можноста за балансирање на обновливите извори на енергија. Воедно ќе има огромно значење и за заштита од поплави, водоснабдување, ќе игра голема улога во земјоделието со висина на браната од 192 метри, со што ќе биде една од највисоките во светот.

# 3.2. Европскиот зелен договор и енергетска стратегија 2040





## Република Северна Македонија е на вистинскиот пат на енергетска транзиција и декарбонизација на нашата економија.

Токму поради домашната легислатива која целосно ја усогласивме со ЕУ, како и нашата стратегија која е базирана на EU GREEN DEAL, интересот пред се на европските компании е огромен и тоа е најзначајно за развојот на нашата држава бидејќи ние припаѓаме на Европа и ЕУ.

# Влог во капиталните инвестиции и инфраструктура - влог во иднината

КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ

4.1.

Патна и железничка инфраструктура

4.2.

Здравство

4.3.

Градинки и центри за ран детски развој

4.4.

Образование

4.5.

Земјоделство





# 4.1.

# Патна и железничка инфраструктура





## Инвестираме во изградба и реконструкција на патишта, во модерна патна инфраструктура важна и за граѓаните и за компаниите, но и за инвеститорите.

Инвестициите во модерна патна инфраструктура сега се двојно поголеми од она што е изградено во последните 10-тина години. Само во последните пет години, во периодот од 2017 до 2022 година се вложени 1 милијарда евра за изградба и рехабилитација на патишта.

Владата изминативе пет години, изгради и рехабилитираше патишта во должина од околу 1.300 километри, што е двојно повеќе од претходните десет години, кога биле направени само околу 650 километри. Северна Македонија доживува градежна експанзија. Железница Коридор 8 останува да биде стратешки приоритет.

Поврзувањето на локалните и регионалните патишта со главните коридори 8 и 10Д за поврзување со соседните земји, а со тоа и со земјите од Европа, е наш стратешки приоритет.

Додека, во последните 32 години, во државата се изградени и пуштени во употреба 186 километри автопати или по 5,8 километри автопат годишно.

А сега, со Договорот за изградба на Коридорите 8 и 10Д, ќе се градат 110 километри автопатишта во следните 4 години или по 23 километри автопат годишно, што, на годишно ниво е четирикратно повеќе од претходно.

Не само што ќе се гради побрзо, туку и придобивките се огромни.
Изградбата на коридорите 8 и 10Д илустрирано во бројки ќе значи нови 8.000 работни места, нови инвестиции од 1,3 милијарди евра и номинален раст на БДП од 2% годишно во наредните пет години. Но, ќе значи и нови бизниси, изградба на нови објекти од различни дејности, бензински пумпи, ресторани, хотели, одморалишта, деловни објекти, но и нови работни места за жителите од околните региони.

Економско-енергетската криза покажа колку се важни инвестициите во повеќе извори на енергија, затоа активно инвестираме во гасификација на државата.

# 4.2.

# Здравство

## Инвестициите во здравството за Владата се приоритет, нашата цел е подигнување на квалитетот на услугите во здравствениот систем и инвестирање за реалните потреби на граѓаните.

Добриот начин на управување и стратешкиот пристап даваат добри и видливи резултати. Создаваат услови за квалитетни услуги на граѓаните што мора да биде најголемиот приоритет за сите носители на јавни функции.

Вложувањето во јавното здравство значат подобрени услови за работа на нашите доктори, професори и на сите здравствени работници, но пред сè вложување во поквалитетни здравствени услуги.

Со овие вложувања, Владата ја искажува својата цврста решеност да продолжи да инвестира во здравствениот систем, што подразбира поквалитетен живот и подолг животен век на секој граѓанин.

Инвестиции во јавното здравство значат задоволни граѓани и мотивирани здравствени работници. Вложуваме во подобри услови за лекување во болниците, преку инвестиции во набавка на современи медицински апарати. Спроведени се капитални инвестиции во нова апаратура за дијагностика во поголем број јавни здравствени установи низ државата, како што се мамографи, дигитални рентген апарати, ангиографи, компјутерски томографи. Го модернизираме нашето здравство, затоа што здравјето на граѓаните е наш највисок приоритет.

Само со ваков системски пристап, системско дејствување кои го опфаќаат целиот здравствен систем можеме да постигнеме успех.



# 4.3. Градинки и центри за ран детски развој





## Обезбедуваме најсовремени стандарди за згрижување и воспитување на децата.

За нецели 6 години, со правилни политики од страна на Владата, низ државата се отворени 81 објект на предучилишно воспитание и образование со опфат на околу 5.500 деца и 12 Центри за ран детски развој, со опфат на околу 400 деца.

Сите овие резултати се можни со Влада којашто вистински се грижи за потребите на граѓаните, којашто е посветена на европските стандарди и на светла иднина, на којашто работиме заедно со демократските партнери и пријатели од меѓународната заедница.

Нашите деца уште од најмалата возраст заслужуваат да растат и понатаму низ животот да се развиваат, учат и да живеат како нивните врсници во Европа и светот.

Генерации деца и млади, растеа и растат со овој сон. Денес, со посветена работа и со разумни политики, тој сон го претвораме во реалност.

# 4.4.

# Образование





## Континуирано вложуваме во унапредување и обезбедување на квалитетни услови за образование на секое дете и млад човек.

Владата на Република Северна Македонија вложува напори и максимална посветеност за креирање долгорочни политики и стратегии кои што ќе водат кон севкупен напредок на образовниот процес, а со тоа и на нашето општество.

Завршена е изградбата на 3 нови училишта и реконструкцијата на 29 училишта, 6 спортски сали, а една е во фаза на градба.

Средствата за капитални инвестиции во ресорот образование годинава се зголемени за 8,9% со кои ќе се реконструираат 118 училишни објекти.




# Го модернизираме македонското земјоделство и даваме поддршка за македонските земјоделци.

Го модернизираме македонското земјоделство и правиме пат за конкурентен пласман на европските пазари.

Со тоа, го унапредуваме стандардот на земјоделците и обезбедуваме стабилно, домашно производство на храна за граѓаните.

Резултатите се видливи. Во услови на најголемата светска економска, енергетска и прехранбена криза, го имаме најголемиот земјоделски буџет досега, од околу 12 милијарди денари.

Преку одговорниот пристап на работа на Владата, каде што му е местото, меѓу приоритетните развојни дејности, постигнавме и низа конкретни резултати. И оваа година, Владата ќе биде со земјоделците и врз база на Националниот план за производство на храна ќе ги поддржиме земјоделците.

Воведовме нов модел за субвенционирање, што го договоривме заедно со земјоделците како системско решение. И за 2023 година се обезбедени рекордни средства од над 7 милијарди денари за субвенции за вистинските земјоделци и со фокус на зголемено домашно производство.

На располагање ставивме над 14.000 хектари земјоделско земјиште, само за производство на житни култури, за производство на сточна храна и за подигнување на долгогодишни насади, што се покажа потребно во актуелниот контекст на случувања во светот.

И ова веќе овозможува сигурно производство за земјоделците и достапност на домашни стратешки производи на граѓаните.
Секоја педа обработливо земјиште ја ставивме во функција.

А еден од нашите клучни приоритети во 2023 година се капиталните инвестиции во водостопански капацитети, затоа што за стабилно земјоделство се потребни доволни количини вода.

Фактите говорат дека Владата, од 2017 година до денес ги има започнато и реализирано најголемите капитални инвестиции во водоснабдувањето, преку изградба на нови системи и преку реконструкција на постојните системи.

Европската комисија ни ги зголеми средствата за новата ИПАРД 3 програма за 62%, затоа што со посветена работа, постигнавме рекордна речиси целосна искористеност на средствата за ИПАРД 2. Европските услови во македонското земјоделство носат и европски животен стандард за македонските земјоделци и тоа, ќе го постигнеме, бидејќи сме на вистинскиот пат.

# ВЛАДИНИОТ СИСТЕМ ЗА КОМУНИКАЦИИ – КОИ СЕ НАШИТЕ ЦЕЛИ, ФУНКЦИИ И КАКО СМЕ ОРГАНИЗИРАНИ?

# ВИЗИЈА:

Северна Македонија е општество во кое комуникациите на институциите се целосно посветени на јавниот интерес и во кое постои високо ниво на доверба меѓу граѓаните и институциите.

# МИСИЈА:

Точно, јасно и навремено информирање на сите граѓани преку различни канали на комуникација за услугите и политиките на Владата и воспоставување механизми за двонасочна комуникација меѓу граѓаните и институциите.





# ОСНОВНИ ФУНКЦИИ НА КОМУНИКАЦИСКИОТ СЕРВИС:

## 1.

**Да обезбеди постојана проактивна и реактивна комуникација со медиумите**

## 2.

**Да ги доближи приоритетите и политиките на Владата до граѓаните**

## 3.

**Да ги информира граѓаните за сервисите кои институциите ги обезбедуваат за нив**

## 4.

**Да спроведува кампањи за јавно добро и од јавен интерес со кои се промовираат вредности, мерки и сервиси за поквалитетен живот на граѓаните**

## 5.

**Да го информира населението во случај на кризи, несреќи и катастрофи**

## 6.

**Да обезбеди активна транспарентност и отчетност за работата на институциите**

## 7.

**Да го подобрува имиџот на земјата надвор од своите граници**

## 8.

**Да обезбеди внатрешна комуникација на институциите со државните службеници**

## 9.

**Да обезбеди редовен контакт со граѓаните (електронска, писмена и вербална комуникација)**

Во секторот постојат помали одделенија коишто ги извршуваат наведените функции, вклучувајќи: Канцеларија на портпарол за комуникација со медиуми, одговори на прашања од јавен интерес и организација и модерирање на прес-конференции;

Прес служба за пишување најави, соопштенија, тези, предлог изјави и обраќања; Одделение за дигитални комуникации коешто обезбедува активна транспарентност на Владата преку онлајн комуникации и управува со веб - страницата и профилите на социјалните медиуми на Владата;

Тим за продукција, за техничка поддршка во организација на активности и продукција на фотографии и видео материјали; Одделение за мониторинг на традиционални и нови медиуми, тим за истражување и анализи, лица задолжени за организација на настани и процеси како и лица за административна и логистичка поддршка.

# МАТРИЦА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ВЛАДИНИТЕ КОМУНИКАЦИИ (ГРИД)

Централниот Сектор за односи со јавноста на Владата е во постојана координација со Кабинетот на претседателот на Владата, со кабинетите на замениците на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, со одделенијата за односи со јавност на министерствата и институциите во рамки на Владата, преку систем на матрица за стратешко планирање на проактивните комуникации на Владата, познат како ГРИД - систем, моделот што го користи владиниот комуникациски сервис на Велика Британија.





Матрицата е стратешка алатка за планирање неделни проактивни комуникации со јавност за Владата и министерствата

Матрицата и овозможува на Владата да го утврди дневниот ред на своите активности и плански да комуницира

Матрицата е двоседмичен документ со којшто се усогласуваат сите вести коишто ги произведуваат владините институции, со цел максимален ефект

Министрите се однапред запознаени со активностите на целата влада и другите важни субјекти во општеството

# ПЛАНИРАЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ ПРЕКУ МОДЕЛОТ OASIS

**OASIS е серија од чекори којшто помага во воспоставувањето ред и јасност при планирањето на комуникациите. Целта е да се помогне процесот на планирање да стане поригорозен и подоследен, а истовремено да се обезбеди сите владини комуникации да бидат ефективни, ефикасни и евалуирани**




**Серија од чекори коишто помагаат во воспоставување ред и јасност при планирањето на комуникациите**

**КУСО НАВЕДЕТЕ ШТО САКАТЕ ДА ПОСТИГНЕТЕ СО КОМУНИКАЦИСКАТА АКТИВНОСТ**

Започнете со политичката цел и дефинирајте ја улогата којашто ќе ја имаат комуникациите како поддршка во нејзиното остварување. Целите треба да бидат остварливи, мерливи и да се фокусираат врз крајните резултати (outcomes), а не врз резултатите коишто биле постигнати сега и веднаш (outputs).

**ЗА КОГО Е НАМЕНЕТА КОМУНИКАЦИЈАТА?**

Разбирањето на нашата публика е од суштинска важност за да имаме ефективни комуникации. Користете увид за да добиете целосна претстава за тоа која е вашата публика и што е она коешто ја мотивира таа публика.

**КОЈ Е ВАШИОТ ПРИСТАП?**

Користете го увидот во вашата публика за да го определите пристапот којшто ќе го имаат комуникациските активности. Кои ќе бидат вашите клучни пораки? Кои канали ќе ги користите со цел да допрете до вашата публика на најдобар можен начин?

**КАКО ЌЕ ГИ РЕАЛИЗИРАТЕ КОМУНИКАЦИИТЕ?**

Наведете детален план за начинот на којшто ќе ја реализирате комуникациската активност, како и ресурсите коишто сте ги алоцирале за таквата реализација и временската рамка.

**КАКО ЌЕ ЗНАЕТЕ ДЕКА ВАШИТЕ КОМУНИКАЦИИ БИЛЕ УСПЕШНИ?**

Потребно е да ги следите резултатите постигнати сега (outputs) и крајните резултати (outcomes) за време на целата комуникациска активност, за да може да правите промени со коишто ќе се обезбеди нејзина ефективна реализација и придонес кон остварувањето на првично зацртаните цели.

# ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА НА ВЛАДИНИТЕ КОМУНИКАЦИИ





## ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА НА КОМУНИКАЦИИТЕ ВО 2023 И 2024 ГОДИНА

Владините комуникатори имаат важна улога во информирањето на јавноста за работењето и приоритетите на Владата на Република Северна Македонија. Со соодветни ресурси и вештини, владините комуникации можат да направат многу повеќе - да го подобруваат животот на граѓаните, да ја градат економијата, да ги заштитуваат ранливите и да ја промовираат Северна Македонија во странство.

Ние сме посветени на исполнувањето на нашата визија, да постигнеме високо ниво на доверба меѓу граѓаните и институциите, а тоа го правиме преку градење и ангажирање на заедница од вешти, информирани и професионални владини комуникатори.

## ВЛАДАТА СТАВА АКЦЕНТ И ВРЗ СЛЕДНИТЕ РАЗВОЈНИ КОМПОНЕНТИ:

Подигнување на нивото на професионални компетенции коишто ги поседуваат лицата вработени како владини комуникатори преку соодветни обуки за воспоставување заеднички нивоа на комуникациско знаење и искуство кај сите владини комуникатори.

Ажурирање на комуникациските структури и процеси на ниво на владата и министерствата, за да се гарантира одржливост, објективност и ефикасност на комуникациските функции, како и да се воспостави доследност помеѓу тимовите.

Унапредување на протоколот за „кризни комуникации" со којшто Владата ќе комуницира со своите граѓани на ефикасен, ефективен и транспарентен начин во време на криза.

Развој на нашите капацитети за идентификување и справување со лажните вести и дезинформациите.

Развој на систем за внатрешна комуникација низ државната администрација со цел заедничко разбирање на владините политики.

# ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС И ВЛАДИНИТЕ КОМУНИКАЦИИ





## ШТО Е ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС?

Иако јавниот интерес не е прецизно дефиниран, ниту е сеопфатно утврден неговиот опсег, тој се појавува како многу важен критериум низ законодавството и јавните политики во државата. Јавниот интерес може да биде сфатен како збир на права и обврски кои влијаат врз целото население во една држава. Обемот на јавниот интерес се утврдува од страна на државата преку правото. Тој опфаќа низа области коишто засегнуваат различни сфери од општеството и човековиот живот, како на пример: човековите права и безбедноста, економскиот раст, животниот стандард, културните и религиозните вредности и друго.

Конкретните прашања коишто треба да бидат предмет на владин публицитет треба да бидат оние за коишто Владата има директни и суштински надлежности. Соодветно и неопходно е Владата да ги објаснува и да го образложува своите политики и одлуки и, кога е потребно, да информира, да советува или да ја предупредува јавноста.

*ВЛАДАТА ИМА ОДГОВОРНОСТ И ПРАВО* ***ДА КОРИСТИ ПУБЛИЦИТЕТ ЗА ДА ПОТТИКНУВА ОДНЕСУВАЊЕ ШТО Е ОД „ЈАВЕН ИНТЕРЕС“****. ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС Е ИНТЕРЕСОТ НА ПОШИРОКАТА ЗАЕДНИЦА КАКО ЦЕЛИНА,* ***КОЈШТО ИМА ПРВЕНСТВО ПРЕД ИНДИВИДУАЛНИТЕ ПОТРЕБИ И ПРАВА НА ПОЕДИНЦИТЕ.***

Ова вообичаено се рефлектира во обврските коишто граѓаните треба да ги исполнат кон државата, како што се плаќањето даноци или почитувањето на сообраќајните прописи, бидејќи се смета дека почитувањето на овие правила и обврски е во најдобар интерес на сите граѓани.

Оттука, на јавниот интерес може да се гледа како збир на правата и обврските на поединците и заедницата кон државата, како и обврските на државните институции за заштита и унапредување на одредени права предвидени во правните прописи.

# ПРИНЦИПИ

# ЗА ВЛАДИНИТЕ КОМУНИКАЦИИ И ВЛАДИНИТЕ КАМПАЊИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

**РЕЛЕВАНТНОСТ - ВО СОГЛАСНОСТ СО ВЛАДИНИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ, ПРИОРИТЕТНИ ПОЛИТИКИ И ОДГОВОРНОСТИ:**

Конкретните прашања коишто треба да бидат предмет на владин публицитет треба да бидат оние за коишто Владата има директни и суштински надлежности. Соодветно и неопходно е Владата да ги објаснува и да го образложува своите политики и одлуки и, кога е потребно, да информира, да советува или да ја предупредува јавноста. Владата има одговорност и право да користи публицитет за да поттикнува однесување што е од „јавен интерес“.

**ОБЈЕКТИВНО И ИНФОРМАТИВНО КОМУНИЦИРАЊЕ, БЕЗ ПРИСТРАСНОСТ ИЛИ ПОЛЕМИЧНОСТ:**

Третманот на информацијата треба да биде што е можно пообјективен. Владините информации или активности за публицитет треба секогаш да се стремат кон информирање на јавноста, дури и кога целта е да се влијае врз однесувањето на лица или на одредени групи (на пример: пораки за здравствена заштита или безбедност). Треба да се избегнува персонализација на проблемите или градење личен углед.

**ЕКОНОМИЧНОСТ, ПРОПОРЦИОНАЛНОСТ И РАЦИОНАЛНОСТ:**

Споделувањето на информациите со јавноста треба да биде организирано на економичен и соодветен начин, а за трошењето на јавните пари треба да се известува транспарентно. Владата е отчетна кон Парламентот за тоа на кој начин ги користи јавните ресурси или расходи. Информативните кампањи од јавен интерес на Владата треба да се натпреваруваат за внимание од јавноста со други активности на публицитет, односно со другите кампањи во општеството. За да бидат ефективни, тие треба да бидат презентирани на професионален начин, т.е. на начин на којшто јавноста (ќе) добива јасна порака. Притоа, лошата презентација може да значи неефикасно трошење јавни средства, без да се постигнат очекуваните резултати. Би било контрапродуктивно ако степенот на трошење на средства за јавна кампања го попречи комуницирањето на пораката којашто требало да се пренесе. Потребно е планирање на прецизни комуникациски цели, мерки и систем за евалуација за секоја комуникација којашто вклучува трошоци на ресурси, со цел да се осигураат ефективноста и резултатите при реализацијата.

**НЕПАРТИСКИ КОМУНИКАЦИИ:**

Несоодветно е да се оправдуваат или да се бранат политики со користење пораки коишто се типични за политичките партии, да се промовираат партиски активности или директно да се напаѓаат политики и мислења на опозициски партии и групации (иако можеби некогаш ќе биде неопходно да се одговори на истите на конкретен и коректен начин). Имајќи го предвид политичкиот повеќепартиски систем во Република Северна Македонија, можно е определена добро воспоставена јавна кампања да создаде политички кредит или штета за партиите од власта или од опозицијата, но ова не смее да биде ниту директна, ниту индиректна цел на владините информации или јавни активности коишто се платени со јавни средства.

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА ВЛАДИНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Основната должност на владините комуникатори е на јавноста да ги пренесуваат официјалните владини ставови и политики преку различни канали, што претставува еден од клучните елементи за демонстрирање отвореност, транспарентност и отчетност во работењето на Владата. Дополнително, владините комуникатори за време на своето работење имаат пристап до доверливи и чувствителни информации со коишто треба да се постапува на соодветен начин.





**При комуникацијата со јавноста, владините комуникатори треба да се придржуваат до вредности и правила со коишто се обезбедува професионална, објективна, ефикасна и отворена комуникација со јавноста. Затоа, изготвивме Кодекс на однесување за владините комуникатори во кој се содржани стандардите коишто се очекуваат од јавните службеници, а кои работат во комуникации.**

Кодексот на однесување на владините комуникатори ги пропишува принципите, стандардите, правилата и практиките на соодветно комуницирање со јавноста преку официјалните канали на комуникација, вклучително и преку официјалните и приватните канали на социјалните медиуми. Овој кодекс на однесување е изработен во согласност со постојната законска рамка во Република Северна Македонија, во којашто е наведено етичкото однесување коешто се очекува од владините комуникатори (јавни и кабинетски службеници).

## *КЛУЧНИ ПРИНЦИПИ:*

*ЈАВНИТЕ И КАБИНЕТСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ КОИШТО РАБОТАТ НА ОДНОСИТЕ СО ЈАВНОСТ* ***ТРЕБА ДА ГИ СЛЕДАТ СЛЕДНИВЕ ПРИНЦИПИ ЗА ДА ОБЕЗБЕДАТ НИВНО СООДВЕТНО РАБОТЕЊЕ:***

1. ДА ЈА КАЖУВААТ ВИСТИНАТА
2. ДА БИДАТ НЕПРИСТРАСНИ
3. ДА БИДАТ ВНИМАТЕЛНИ ВО СВОЈОТ ПРИСТАП
4. ДА ЈА ЗАДРЖАТ ОБЈЕКТИВНОСТА
5. ДА СЕ СВЕСНИ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ
6. ДА ГО ОДВОЈАТ ПРИВАТНОТО ОД ПРОФЕСИОНАЛНОТО ДЕЛУВАЊЕ
7. ДА ГИ СТАВАТ ОБВРСКИТЕ КОИШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СЛУЖБАТА ПРЕД ЛИЧНИТЕ ИНТЕРЕСИ
8. ДА НОСАТ ОДЛУКИ ИСКЛУЧИВО ВРЗ БАЗА НА ПРЕТХОДНА АНАЛИЗА НА ФАКТИ

# УПРАВУВАЊЕ СО СЛУЖБЕНИТЕ СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ КАКО ОФИЦИЈАЛНИ КАНАЛИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА

Подемот на социјалните и дигиталните медиуми овозможува на Владата директно и двонасочно да комуницира со граѓаните, да се информира за нивните интереси и да го земе предвид нивното мислење при креирањето и спроведувањето на владините политики. Сè повеќе граѓани ги користат социјалните медиуми како средство за информирање, и оттаму потребата за зголемена комуникација со јавноста преку службените социјални медиуми на институциите. Владата има за цел да го привлече и задржи вниманието на граѓаните преку социјалните медиуми.





## ПРАВИЛА:

**1.**

Не се објавуваат, ниту се споделуваат содржини коишто би можеле да се сметаат за навредливи кон поединци или кон одредена група на граѓани.

**2.**

Не се објавуваат, ниту се споделуваат информации со коишто би се прекршиле нечии авторски права.

**3.**

Не се објавуваат, ниту се споделуваат информации коишто се класифицирани или имаат таков сличен статус или информации коишто би ги изложиле Вашите колеги и Вас лично на ризик, без разлика дали станува збор за криминал, тероризам или шпионажа. Информации поврзани со криминал, тероризам или шпионажа се пријавуваат кај соодветен орган/институција или кај претпоставениот.

**4.**

Не се објавуваат, ниту се споделуваат информации со коишто би се извршило селективно промовирање или фаворизирање на одреден правен или приватен субјект, со што би се влијаело врз создавање нелојална конкуренција.

**5.**

Не се објавуваат, ниту се споделуваат фотографии на коишто може да се препознае идентитет на малолетно лице, без претходно да се добие писмена дозвола од нивните родители/старатели, освен во случај кога настанот е јавен и е на отворено.

**6.**

Не се објавуваат, ниту се споделуваат содржини за коишто не сте сигурни дали се соодветни за јавност. Во овој случај треба да се побара совет од колега или од претпоставениот.

**7.**

Нови информации коишто за првпат се изнесуваат во јавност треба премиерно да се објавуваат на официјалните канали на Владата или на највисоките претставници на институциите.

**8.**

Не се објавуваат неточни информации или шпекулации со коишто на кој било начин би ги довеле граѓаните во заблуда.

# ВОДИЧ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРИВАТНИТЕ КАНАЛИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ НА ВЛАДИНИТЕ КОМУНИКАТОРИ

При управувањето со приватните канали на социјалните медиуми на владините комуникатори, треба да се следат одредени насоки, коишто не се базираат врз забрани, туку врз правила и препораки. Не треба да постои забрана вработените да ги користат каналите на социјалните медиуми, но сепак треба да се почитуваат одредени правила.





# ПРАВИЛА:

## 1.

Објавувањето содржини во лично име може да се поврзе со позицијата и институцијата во којашто работи владиниот комуникатор, односно работната позиција како владин комуникатор и приватноста на личноста се тешко раздвојливи. Поради тоа, секоја содржина на личниот профил може да биде третирана и перципирана како став на институцијата, дури и во случаи кога ставот е нагласен како личен. Треба да се има предвид дали споделената содржина може да предизвика негативен публицитет и нарушување на угледот на институцијата во којашто работи владиниот комуникатор.

## 2.

Активностите на владините комуникатори, како претставници на извршната власт, се под посебен мониторинг од граѓанското општество, од политичките субјекти и од медиумите, со што се мери поведението на извршната власт. Несоодветните комуникации коишто содржат дискриминирачка, навредувачка, заканувачка содржина, или елементи на говор на омраза, можат да бидат пресликани како карактеристики на институцијата којашто ја претставуваат владините комуникатори. Ваквите објави секогаш треба да се избегнуваат.

## 3.

Објавувањето во текот на работното време е несоодветно. Владините комуникатори, како и сите други јавни службеници и претставници на институции, имаат јавно достапни работни позиции и работно време. Секое објавување на содржини на социјалните медиуми во текот на работното време може да биде третирано како избегнување на работните задачи и со тоа да се нанесе негативна репутација на институцијата во којашто работи владиниот комуникатор.

## 4.

Споделените содржини на личните канали на социјалните медиуми можат да станат јавни, дури и ако се споделени исклучиво на приватни и затворени канали. Учеството во евентуални политички или јавни дискусии и активности коишто може да ја компромитираат непристрасноста на владиниот комуникатор треба целосно да се избегнуваат.

## 5.

**Содржините споделени преку социјалните медиуми имаат еднаква важност со содржините споделени преку кој било друг традиционален или електронски медиум. Оттука, на приватните канали на социјалните медиуми треба да избегнуваме:**

- Промовирање на партиско-политичка пристрасност;
- Активности коишто предизвикуваат негативна репутација за институцијата во којашто работи владиниот комуникатор или за друга институција;
- Недоречености и нејасни информации коишто оставаат простор за различни толкувања или изменет контекст;
- Навреди, говор којшто поттикнува омраза и дискриминација или така може да биде протолкуван;
- Објавување класифицирани информации или службени содржини коишто сè уште не се објавени во јавност;
- Учество во незаконски активности или несоодветно однесување;
- Кршење на условите коишто се однесуваат на работниот однос на владиниот комуникатор, на каков било начин.

Влада на Република Северна Македонија

**Комуникациска стратегија**

**2023 / 2024 година**